РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3576/6
20.10.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 33. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 5.10.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Виктор Павловски и м-р Гордана Мајнова.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски.

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Магдалена Давидовска-Довлева, Ивона Муфишева, м-р Арѓенд Џелили, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 33. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од 32. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.9.2026 година.

2. Предлог–одлука за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Канал 5 ДООЕЛ Скопје.

4. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово.

5. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносните прагови за примена на

Законот за јавните набавки – Набавка на 2 (две) канцелариски фотељи и 1 (една) канцелариска клуб маса.

6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 32. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.9.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Претседателката на Комисијата за евалуација на доставените пријави по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Зирјета Јајага, информираше дека кандидатот Мухамер Беќири ги исполнува сите законски услови за избор на заменик на директорот на Агенцијата. Таа посочи дека целосниот Извештај од Комисијата за евалуација на доставените пријави по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата им бил доставен на сите членови на Советот.

Одговарајќи на прашањето на претседателот на Советот, Сашо Стефановски, дали на јавниот конкурс била доставена само една пријава, г-ѓа Јајага потврди дека се пријавил само еден кандидат, Мухамер Беќири, за кого Комисијата утврдила дека ги исполнува сите законски услови за избор на заменик на директорот на Агенцијата. Врз основа на спроведената евалуација и утврденото исполнување на законските услови, Комисијата предложи Мухамер Беќири да биде избран за заменик на директорот на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, согласно Извештајот од Комисијата за евалуација на доставените пријави на кандидатите по објавениот јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.04-3400/3 од 2.10.2026 г., едногласно донесе Одлука за заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се избере Мухамер Беќири.

Мандатот на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е 5 (пет) години.

Заменикот на директорот на Агенцијата ќе биде професионално ангажиран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со полно работно време, почнувајќи од 9.10.2026 година.

Точка 3 и 4

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, образложи дека точките 3 и 4 се однесуваат на постапки за продолжување на дозволите за радиодифузна дејност, согласно со законската постапка според која, најрано шест месеци пред истекот на периодот за кој е издадена дозволата, радиодифузерот може да поднесе барање за продолжување на дозволата. Тој информираше дека во случајот со двата радиодифузери, ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје и ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, се исполнети законските услови за продолжување на дозволите за радиодифузна дејност за период од девет години, почнувајќи од 5 јануари 2027 година.

*Гласање по точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

*Гласање по точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

м-р Ивона Муфишева – помошник раководител на Сектор за правни работи и јавни набавки, информираше дека за потребите на опремувањето и уредувањето на канцеларијата на претседателот на Советот е потребно да се набават 2 (две) канцелариски фотељи и 1 (една) канцелариска клуб-маса. За таа цел, од страна на Секторот за информатичка поддршка и општи работи било поднесено интерно барање за одобрување средства Таа појасни дека за набавката ќе се спроведе постапка за јавна набавка на стока, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Врз основа на наведеното, Муфишева предложи Советот да даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на стока – 2 (две) канцелариски фотељи и 1 (една) канцелариска клуб-маса, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, при што средствата се обезбедени согласно со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување постапка за јавна набавка - стока: 2 (две) канцелариски фотелји и 1 (една) канцелариска клуб-маса за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки.

**Точка 6**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**